# Е-ИНФО 54

ПАКОМАК СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА

**АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ 2025 ГОДИНА**

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO Europe
Packaging Recovery Organisation Europe

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК" ЗА ПЕРИОД АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ 2025 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.**

**АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ 2025 ГОДИНА**

## 1 ПРОДОЛЖЕН ПРОЕКТОТ СО ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА ЗА НАРЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ

Проектот "Паметно управување со отпадот од пакување" продолжува со нова фаза во наредните 4 години, со времетраење до 2029 година.

Во втората фаза Пакомак со поддршка од Амбасадата на Швајцарија ќе ги направи следните проекти:

- Ќе постави уште најмалку 70 повратни вендинг машини

- Ќе изгради фабрика со инсталација за автоматска секундарна

селекција на отпадот од пакување со најсовремена опрема во неа

- Ќе постави нови контејнери за селективно собирање на стаклена и пластична амбалажа

Со овие проекти ќе се зголеми инфраструктурата за собирање на отпадот од пакување, отпадот кој што се носи на рециклирање ќе биде соодветен третиран со што ќе се комплетира ангажманот на Пакомак.



# 2 НАТПРЕВАР ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА

Во соработка со економскиот факултет во Прилеп беше организиран натпревар за циркуларна економија за учениците од средните општински училишта од регионот.

Добитниците на натпреварот беа наградени со 5000 зелени поени од компанијата Пакомак.







# 3 УМЕТНИЧКИ НАТПРЕВАР СО РАМСТОР

По повод Денот на планетата земја, Пакомак во соработка со Рамстор објави повик до сите дечиња на возраст од 5 до 15 години да цртаат на тема екологија.

Цртежите беа изложени на 22 април на Денот на планетата земја а најкреативните цртежи освоија штедни влогови кои им беа доделени од страна на Шпаркасе Банка.





# 4 КАМПАЊА НА СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ “СЕЛЕКТИРАЈ КАКО..”

Јубилејна кампања по повод 15 години Пакомак. Кампањата “Селектира како...” е кампања која го прави селектирањето отпад лесно и едноставно правејќи паралели помеѓу одлуките што ги правиме секој ден и селектирањето отпад.

Кампањата вклучува наши познати пеачи, глумци, уметници, спортисти и диџеи.








# 5 ВИКЕНД ГЕНЕРАЛКА 2025

На 9, 10 и 11 мај беше организирана петтата јубилејна Викенд Генералка на која имаше рекордно учество од 55.627 волонтери и повеќе од 654 илјади собран отпад на територијата од сите општини во земјата. Како и изминатите години така и оваа година Викенд Генералката беше поддржана од страна на Пакомак.



# 6 КРУШЕВО MOUNTAIN BIKE (MTB) ТРКА

Од 16ти до 18ти мај се одржа првиот Krusevo MTB Challenge.

Пакомак ја поддржа трката со кеси и логистика со помош на кои целокупниот отпад за време на трката беше собран и складиран за селекција и рециклирање.




# 7 ПРОМОТИВНА ТОМРА МАШИНА

Со цел промоција на повратните вендинг машини Пакомак од производителот ТОМРА доби машина која во периодот ќе се користи за промотивни активности со цел подигнување на јавната свест кај населението и едукација околу користењето на повратните вендинг машини. Ова е уште еден начин на кој Пакомак континуирано работи на подигнување на еколошката свест кај луѓето со цел правилна селекција и одложување на отпадот.






# 8 ФФМ БРЕНДИНГ НА КАНТИ

Пакомак во соработка со Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) на нивниот терен постави брендирани канти и банери со цел пораката за правилна селекција и одлжување на отпадот да допре до најмладите лица но и до сите посетители на ФФМ.







# 9 УЧЕСТВО НА MASWA

На 29ти мај се одржа 6та меѓународна конференција Патување кон одржливо управување со отпад", во организација на Македонската асоцијација за управување со цврст отпад (MASWA). Пакомак и оваа година беше дел од конферецијата со цел да ја потенцираат важноста од правилниот третман на отпадот од пакување во нашата земја. Со активното учество на овој тип настани, семирани и конференции Пакомак секогаш се труди да ги испрати порака до целата заедница дека нашата здрава и чиста животна средина е заедничка одговорност.



# 10 ТЕАТАР ЧЕКОРИ

Пакомак во соработка со Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) на нивниот терен постави брендирани канти и банери со цел пораката за правилна селекција и одлжување на отпадот да допре до најмладите лица но и до сите посетители на ФФМ.




# 11 К15 НАСТАН

На 29ти мај се одржа 6та меѓународна конференција Патување кон одржливо управување со отпад", во организација на Македонската асоцијација за управување со цврст отпад (MASWA). Пакомак и оваа година беше дел од конферецијата со цел да ја потенцираат важноста од правилниот третман на отпадот од пакување во нашата земја. Со активното учество на овој тип настани, семирани и конференции Пакомак секогаш се труди да ги испрати порака до целата заедница дека нашата здрава и чиста животна средина е заедничка одговорност.



# 12 НАСТАН ЗА ЕВРОВИЗИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА

Секој настан организиран од страна на Швајцарската амбасада Пакомак го одбележува и со свое учество преку поставување на корпи/канти за селекција на отпадот од пакување. Пакомак со учеството на овие настани секогаш се труди да ја подигне свеста на посетителите за правилно одложување на отпадот.







# 13 КОРИСНИЦИ НА МОБИЛНАТА АПЛИКАЦИЈА НА ПВМ

Повратните вендинг машините на Пакомак од месец во месец се се повеќе прифатени и користени од страна на населението со цел правилна селекција и одложување на отпадот од пакување. Вкупниот број на корисници е 52.809 а истиот секој месец се зголемува за нови 1000 корисници.



# 14 КОНЦЕРТ SOUND OF GREEN

На 27 јуни се одржа добро познатиот фестивал Sound of Green во градскиот парк. Фестивалот оваа година беше од отворен тип со повик од Пакомак секој симболично да донесе по едно пластично шише или лименка како добар еко-пример. На фестивалот имаше детски работилници и беше поставена вендинг машина со промотивен механизам, кој ќе стави шише добива гратис бургер, пијалок или пак чаша Пакомак.

Sound of Green 2025 беше поддржан од Друштвото за управување со отпад од пакување Пакомак, заедно со Швајцарската амбасада во Република С. Македонија. Настап на бендови од: Србија, Полска, Швајцарија и диџеи од Македонија.












# 15 РЕКЛАМА ВО ГАРАЖА ВО СИТИ МОЛ

Во соработка со Сити мол Пакомак постави реклама за едукација на посетителите на трговскиот центар.






# 16 АДКОМ УЧЕСТВО ВО ОХРИД

Презентација на ПВМ на Меѓународната конференција „Иднината на комуналниот сектор“ што ја организира АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија.









# 17 НАСТАН – ГЛУМЦИТЕ ПЕАТ

На 8 и 9 јуни во Македонскиот народен театар се одржа добро познатиот настан Глумците пеат.

Настанот беше подржан од страна на Пакомак, и на истиот глумците во “backstage” снимаа видео клип користејќи ја Пакомак вендинг машината комуницирајќи ЕКО пораки.





# 18 НАСТАН ЗА Е COMMERCE

Поддршка на добро познатиот настан Е Commerce со платнени торби





СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА

ПАКОМАК